# Годишен извештај на општина Делчево
# за 2022 год.

## 1.Буџет и Одлука за извршување на Буџетот за 2022 год.

Буџетот на општина Делчево и Одлуката за извршување на Буџетот за 2022 година, се донесени на третата седница на Советот на општина Делчево одржана на 28.12.2021 година.

Буџетот на општина Делчево го сочинуваат средствата од основниот буџет, наменските дотации, самофинансирачките активности и буџетот на донации. Во приложените материјали за завршната сметка на Буџетот за 2022 година, овие средства се дадени во подолу наведените колони, заедно со процентот на реализација во однос на планираните средства.

## 2. Приходи на општината

Во буџетот на општина Делчево за 2022 год. планирани се 305.909.623 ден. од кои се реализирани 278.329.343 ден.или 91%.

| Опис | План 2022 | Извршено 2022 | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 100.563.000 | 85.734.445 | 85,2 |
| Наменски дотации | 182.945.807 | 175.351.023 | 96 |
| Донации | 7.402.578 | 5.367.138 | 72,5 |
| Самофинансирање | 10.448.238 | 7.359.379 | 70,4 |
| Кредити | 4.550.000 | 4.517.358 | 99 |
| **Вкупно:** | **305.909.623** | **278.329.343** | **91** |

Процентот на реализација на поодделните групи на приходи кај основниот буџет се гледа од следниов преглед:

| Група на приходи | Основен буџет 2022 | Реализација на приходи 2022 | % |
|---|---|---|---|
| 1.Даночни приходи | 42.488.000 | 34.820.565 | 82 |
| 2.Неданочни приходи | 2.200.000 | 2.144.760 | 97 |
| 3. Капитални приходи | 6.877.000 | 5.337.136 | 77,6 |
| 4.Трансфери | 48.998.000 | 43.431.984 | 88,6 |
| **Вкупно:** | **100.563.000** | **85.734.445** | **85,2** |

Во структурата на остварените приходи на основниот буџет на Општината учествуваат даночните приходи со 40,6% чија наплата по видови, во однос на планираните е како што следува:

| Вид на данок | Буџет 2022 план | Реализирано 2022 | % |
|---|---|---|---|
| 1.Данок од доход, добивка и капитални добивки | 3.100.000 | 2.969.407 | 96 |
| 2.Даноци на имот | 20.110.000 | 16.941.907 | 84,2 |
| 3.Даноци на специфични услуги | 18.695.000 | 14.826.282 | 79,3 |
| 4. Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 583.000 | 82.969 | 14 |
| **Вкупно:** | **42.488.000** | **34.820.565** | **82** |

Планираните даноци на имот зафаќаат 47,3% од даночните приходи. Наплатата на даноците на имот во однос на вкупните даночни приходи е 48,6%, додека пак, наплатените даноци на имот во однос на планираните е 84,2%. Даночните приходи во однос на вкупните планирани приходи во основниот буџет зафаќаат 42%, додека пак % на наплатените даночни приходи во однос на вкупно наплатените приходи во основниот буџет е 40,6%.

Реализацијата на данок на имот во однос на видови на данок во 2022 година, во однос на планираните даноци на имот е следнава:

| Вид на данок | Буџет 2022 план | Реализирано 2022 | % |
|---|---|---|---|
| 1.Данок на имот од физички лица | 7.000.000 | 6.990.085 | 99,8 |
| 2.Данок на имот на правни лица | 4.600.000 | 4.465.708 | 97 |
| 2.Данок на наследство и подарок | 2.000.000 | 1.864.941 | 93 |
| 3.Данок на промет на недвижности и права | 6.500.000 | 3.621.067 | 56 |
| 4.Камати за доцнење во плаќање на даноци на имот | 10.000 | 106 | 1 |
| **Вкупно:** | **20.110.000** | **16.941.907** | **84** |

Реализацијата на даноци на специфични услуги е дадена во следнава табела, споредбено со планираните:

| **1.Даноци на специфични услуги** | Буџет 2022 план | Реализирано 2022 | % |
|---|---|---|---|
| 1.1 Комунална такса за истакната фирма | 2.000.000 | 1.873.928 | 93,6 |
| 1.2 Комунална такса за | 1.600.000 | 1.300.360 | 81 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| користење на улици со пат.и.мот.возила | | | |
| 1.3 Комун.такса за одржув.на јавно осветл. | 11.000.000 | 9.387.253 | 85 |
| 1.4.Комунална такса за привремен престој | 10.000 | 4.800 | 48 |
| 1.5 Комунална такса за користење на плоштади | 85.000 | 135.350 | 159 |
| 1.6 Надоместок за уредување на град.неизгр.земј. | 4.000.000 | 2.094.201 | 52,3 |
| 1.7 Камата за ненавремено плаќање на комун.такси | 0 | 19.190 | |
| 1.8 Комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи | 0 | 11.200 | |
| **Вкупно:** | **18.695.000** | **14.826.282** | **79,3** |

Вкупните побарувања од граѓаните и правните лица на општина Делчево по основ на данок на имот заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 11.995.015 денари, во кој износ е кумулиран ненаплатениот данок на имот од минати години.

Побарувањата по основ на даноци на специфични услуги во кои спаѓаат надоместокот за уредување на градежно земјиште, надоместокот за легализација и други такси во 2022 година изнесуваат 3.870.315 денари и побарувањата по тој основ се зголемени во однос на 2021 година.

Ненаплатените побарувања само по основ на комунална такса за истакната фирма со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат 8.955.807 денари, во кој износ се кумулирани ненаплатените побарувања од минати години.

**3. Расходи на Општината**

Од вкупно планирани расходи во износ од 305.909.623 ден. во вкупниот буџет реализирани се 277.832.988 или **91%.**

Во основниот буџет на Општина Делчево од планирани 100.563.000 денари, реализирани се 85.592.060 денари или 85%.

Планираните и реализирани расходи за 2022 година по намени во основниот буџет на општината можат да се видат од следниов преглед:

| Основен буџет - расходи | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|
| **Плати и надоместоци** | **31.264.900** | **30.048.434** |
| - основни плати и надоместоци | 19.757.900 | 19.324.686 |
| - придонеси | 7.582.000 | 7.506.662 |

| | | |
|---|---|---|
| - други надоместоци | 3.925.000 | 3.217.086 |
| **Резерви и недефинир.расходи** | **50.000** | **0** |
| - тековни резерви | 50.000 | 0 |
| | - | - |
| **Стоки и услуги** | **27.500.300** | **22.649.651** |
| - патни и дневни расходи | 654.000 | 567.581 |
| - комунал.услуги, греење, комуник. | 9.251.300 | 7.714.825 |
| - ситен инвентар и др.материјали | 3.752.000 | 2.573.295 |
| - поправки и тековно одржување | 3.751.000 | 2.882.464 |
| - договорни услуги | 3.915.000 | 3.060.107 |
| - други тековни расходи | 3.322.000 | 3.050.199 |
| -привремени вработувања | 2.855.000 | 2.801.180 |
| **-Каматни плаќања** | **75.000** | **74.119** |
| **Субвенции и трансфери** | **600.000** | **202.000** |
| - трансфери до здруж. на граѓани | 100.000 | 22.000 |
| - трансфери до спортски клубови | 500.000 | 180.000 |
| **Разни трансфери** | **1.612.000** | **1.399.585** |
| - стипендии за студенти | 32.000 | 31.500 |
| - стипендии за поддршка на млади таленти | 317.000 | 317.000 |
| Разни трансфери | 863.000 | 714.399 |
| Плаќање по судски решенија | 400.000 | 336.686 |
| **Социјални бенефиции** | **915.000** | **870.158** |
| - еднократна парична помош | 665.000 | 657.722 |
| -помош за новороденчиња | 250.000 | 212.436 |
| **Капитални расходи** | **35.079.800** | **26.882.863** |
| - други градежни објекти | 33.339.800 | 25.456.180 |
| - купув.мебел, опрема, маш.возила | 240.000 | 239.989 |
| - надомест за одземен имот | 1.500.000 | 1.186.694 |
| **Отплата на главница** | **3.466.000** | **3.465.250** |
| - отплата на главнина | 3.466.000 | 3.465.250 |
| **Вкупно:** | **100.563.000** | **85.592.060** |

Вкупниот износ на платите во однос на вкупно реализираните расходи изнесува 35%, процентот на реализација на стоки и услуги е 26,4%, додека износот на реализираните капитални расходи во однос на вкупните расходи во основниот буџет е 31,4%, а во однос на планираните капитални расходи, реализирани се 76,6%. Во делот на капиталните расходи пак, процентот на реализација на други градежни објекти во однос на вкупните реализирани капитални расходи е 94,6%.

## 4. Извештај за средствата, побарувањата и обврските

Со состојба на 31.12.2022 година општина Делчево има ненаплатени побарувања во вкупен износ од 25.515.657 денари, дел од нив се утужени.

| Ненаплатени побарувања по основ на: | 31.12.2022 |
|---|---|
| - данок на имот и данок на наследство и подарок | 11.995.015 |
| - комунални такси | 9.698.344 |
| - данок на промет | 821.536 |
| -комуналии | 3.000.762 |
| **ВКУПНО:** | **25.515.657** |

Општина Делчево има ненамирени обврски према добавувачите во износ од 191.397.631 денари во кој износ влегува и пресметаната камата за утужените обврски.

Дел од нив, односно 182.895.182 денари се обврски по основ на главен долг по судски извршни решенија односно утужени обврски, заедно со пресметана камата.

Со состојба на 31.12.2022 година постојаните средства на општина Делчево по набавна вредност изнесуваат 654.829.265 додека сегашната вредност е 546.550.448 денари.

| | Набавна вредност | сегашна вредност |
|---|---|---|
| -Градежни објекти.............................. | 621.007.251 ден. | 528.556.188 ден. |
| -Опрема................................................ | 33.822.014 ден. | 17.994.260 ден. |

Досегашната набавна вредност на постојаните средства е зголемена за 84.494.954 ден. односно за изградба на повеќе локални патишта и улици во градот и околината. Поголем дел, 32 % од вредноста на градежните објекти припаѓа на брана ,,Лошана". Вредноста на основните средства – градежни објекти ги опфаќа и градежните објекти –домот на културата АСНОМ 6,7%, 40% за улици и патишта, локални патишта, пристапни патеки, додека 21,3% се за други објекти во кои влегуваат: стар објект на општината, паркот кај црквата, касарна, спортско игралиште кај ОУ „Ванчо Прќе“, тениско игралиште кај ОУ „Ванчо Прќе“ двојно тениско игралиште кај стадионот, детско одмаралиште „Голак“, капела, пешачки мост, канализации во општината, гумена брана и др.

Бр.09-723/1
13.03.2023
Делчево

Совет на Општина Делчево
Претседател,
Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО